Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 март 2021 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ АЛЕКСАНДАР СКВЕР** со седиште на ул. Никола Вапцаров бр. 13А Скопје, ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.

### Образложение

КАРАОРМАН АД Скопје со седиште на ул. Перо Наков бр. 144 Скопје, поднесе Барање бр. УП1-13-919 од 26.11.2020 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ АЛЕКСАНДАР СКВЕР, Скопје, за хотел од втора категорија со четири ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1-13-919 од 9.2.2021 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен Весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителски објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Бр. 40-2769/1
16 март 2021 година
Скопје

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Artan Grubi